**20181001860**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 101 став (7) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“, бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16 и 74/17), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 22.5.2018 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ВИДОТ НА АКТИВНОСТИ, МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС ПО АКТИВНОСТИ, КОРИСНИЦИТЕ, СУБЈЕКТИТЕ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ПОСТАПКАТА, ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ**

Член 1

Во Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“, бр. 6/2013, 81/2013, 181/2013, 1/2014, 23/2014, 136/2014, 157/2014, 139/2015, 215/2015, 133/2016 и 76/2018), во членот 4, ставот 1 се менува и гласи:

„Техничката поддршка за организирање и спроведување на манифестации и саеми се доделува за трошоци за закуп на простор за изложување на земјоделски производи (примарни и преработени), трошоци за изнајмување на штандови и уредување и опремување на изложбениот дел (штанд, бина, аудио и видео опрема ) и/или трошоци за промотивен материјал (покани, постери, летоци, банери, брошури, публикации, каталог, зборник, медиумска промоција) за манифестацијата/саемот и за учесниците (трошоци за изложбен производ) кои изложуваат земјоделски производи (примарни и преработени).“

Ставот 4 се менува и гласи:

„Максималниот износ на поддршка не може да надмине 120.000 денари за локални манифестации во Република Македонија, по манифестација и по корисник.“

Ставот 5 се брише.

Во ставот 6 кој станува став 5, алинејата 2 се менува и гласи:

„- за локалните манифестации од став 4 на овој член кои се одржуваат во Република Македонија, поддршката се реализира врз основа на поднесено барање пропратено со предлог проект за манифестацијата со план на активности, временска рамка за реализација и финансиски план на трошоците, доказ за континуирано одржување на манифестацијата во последните три години, со исклучок на манифестациите кои се организираат за прв или втор пат до Министерството по објавен јавен повик за користење на техничка поддршка, од страна на организаторот на манифестацијата и“

Ставот 7 станува став 6.

Во ставот 8, кој станува став 7, зборовите „на земјоделски производители и/или здруженија на преработувачи на земјоделски производи“ се заменуваат со зборовите „од областа на земјоделството, руралниот развој, шумарството и водостопанството.“

Ставот 9 станува став 8.

Член 2

Во членот 12 во ставот 1 по зборовите „член 3“, се додаваат зборовите „член 4 став 2 алинеја 2“

Ставот 2 се менува и гласи:

„Средствата за поддршката од член 4 на оваа уредба ќе се реализираат со договор помеѓу Министерството и организаторот на манифестацијата/саемот.“

Во ставот 3 по зборовите „член 6“ зборовите „член 8,“ се бришат.

По ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Средствата за поддршката од член 8 на оваа уредба ќе се реализираат од Министерството по пат на јавен повик“.

Ставовите 4 и 5, станусваат ставови 5 и 6.

Во ставот 6 кој станува став 7 по бројот „3“ се додаваат зборовите „4 став 2 алинеја 2,“.

Ставот 7 станува став 8.

Член 3

Во членот 13 во ставот 1 по бројот „4“ се додаваат зборовите „став 2 алинеја 2,“.

Во став 2 точка 5 по зборот „финансирање“ се додаваат зборовите „како и банкарска сметка на која треба да се исплати поддршката; и одговорно лице за настанот;“.

Член 4

Во членот 15 ставот 5 се менува и гласи:

„Исплатата на средствата за поддршката од член 4 на оваа уредба кои се реализираат со договор помеѓу Министерството и организаторот на манифестацијата/саемот се врши во износ од 100% од износот на трошоците но не повеќе од максимален износ и во согласност со одобрените средства во програмите за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој“.

Член 5

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-5303/1
22 мај 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.